# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИТЕ ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“, ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

## УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА




Јуни, 2023 год.

# ВОВЕД

Училишните екскурзии и излети се краткотрајни воннаставни активности кои заедно со подолготрајните (научно – истражувачки посети, кампувања, настава во природа, летни и зимски школи, зимување и летување) се вонучилишни облици на воспитно-образовна работа што се изведува надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми.

- **Воспитно-образовни цели:** совладување и проширување на знаења; примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина; подобрување на социјализацијата; меѓусебно разбирање и толеранција, почит кон историјата, културата и традицијата на населението во нашата држава.
- **Функционални задачи:** изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот; развивање интерес за природата и градење еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на населението во различни краеви на државата; градење чувство за патриотизам; развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности преку посети на локалитети и објекти од културно, историско и др.значење; поттикнување и манифестирање позитивни емоции; развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**Еднодневните есенски и пролетни излети** ќе бидат организирани во места соодветни за рекреација и дружење на ученици од 6 до 14 години и ќе бидат од спортско- рекреативен карактер.

**Одговорни наставници за еднодневните излети се** сите одделенски наставници и класните раководители.

**Одговорни наставници на тродневната екскурзија**:
одделенските раководители на IX одд.

**Одговорни наставници на дводневната екскурзија:**
одделенските раководители на VI одд.

**Одговорни наставници за *Настава во природа:***
одделенските наставници на V одд.

## РАСПОРЕД ЗА ЕКСКУРЗИИ ПРЕДВИДЕНИ СПОРЕД ПРАВИЛНИКОТ НА МОН ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИТЕ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТЕ

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Локалитети и објекти за посета** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | Септември или октомври | Наставници и ученици од I до IX одделение | Градски парк | Дружење, рекреација и развивање на еколошка свест. |
| Еднодневен пролетен излет | Април - мај | Наставници и ученици од I до IX одделение | Сарај | Дружење, рекреација и развивање на еколошка свест. |
| Настава во природа | Мај - Јуни | Ученици од V одд. и одделенските наставниците | Скопје -Тетово Дебар Струга Охрид Вевчани-Скопје | Да се запознаат со:<br>-културно историски објекти и споменици од нашето минато;<br>-придодни убавини на татковината.<br>Да другаруваат и рекреираат |
| Тридневна екскурзија | Мај - Јуни | Учениците од IX одд. и одделенските раководители | Скопје-Кратово-Пробиштип-Дојран-Струмица-Негорци-Стоби-Скопје | Проширување на знаења за културните вредности, природно-географските објекти,развивање на еколошка свест и дружење |
| Дводневна екскурзија | Мај - Јуни | Ученици од VI одд. и одделенскитер аководители | Скопје – Стоби – Струмица – Дојран – Негорци – Скопје | Проширување на знаења за културните вредности, природно-географските објекти,развивање на еколошка свест и дружење |

## 1. Програма за организација и изведување на еднодневен есенски излет

**Еднодневен излет / Есенски излет**

**Место:** Скопје - **Градски парк**

**Одделение:** I до IX одд.

**Воспитно-образовни цели на излетот:**

- запознавање на природната средина, развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- да се потикнува развојот на самостојност кај учениците и социјализација;
- воспоставување, развивање и негување на пријателство;
- грижа за сопственото здравје;
- развивање на еколошката свест кај учениците;
- социјализација и стекнување на искуство за осамостојување;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење и здраво тело;
- да се развива другарство и колективниот дух кај учениците;
- да се развиваат хигиенски и културни навики кај учениците.

**Содржина и опис на активности**

- колективни игри, фудбал,одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и игри со јаже
- заедничко доживување на околината, дружење;
- посета на културно-историските знаменитости;
- организирање на спортски натпревари и други рекреативни игри;

Одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и др.

Времетраење

Следење на реализација

Локации за посета и правци на патување

Техничка организација

Начин на финансирање

**Организација на патувањето**

**Место на поаѓање**: пред училиште

**Правец на патување**: на еднодневниот есенски излет:училиште-Градски парк-училиште

**Време на поаѓање**: 8:00 часот (учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот)

Пристигнување во Градски парк, разгледување на истото и запознавање со неговите општи карактеристики, слободно време за одмор, игра и рекреација, дружење на учениците. Враќање во 13 часот. Поради близината на местото на реализација на еднодневната екскурзија учениците заедно со одговорните наставници ќе одад пешки.

**Одговорен наставник:** Драган Станојковски

**Одговорни наставници на еднодневниот излет:**
Сите одделенски раководители од I – IX одд.

**Време на реализација:** септември/октомври - 2023 год.

**Техничка организација:**

Училиштето ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзија, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ќе ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Избраната ТА треба да поседува висококвалитетни, климатизирани и безбедни патнички автобуси, туристички водич. Училиштето треба да обезбеди придружба на лице од обезбедувањето на училиштето

**Начин на финансирање:**

- Самофинансирање од страна на родителите.
- уплата на жиро сметка на туристичката агенција

## 2. Програма за организација и изведување на еднодневен пролетен излет

**Еднодневен излет / Пролетен излет**

**Место:** Сарај.

**Одделение:** I до IX одд.

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕДНОДНЕВНИОТ ИЗЛЕТ**

**Воспитно-образовни цели на излетот:**

-запознавање на природната средина, развивање интерес за природата, градење еколошки навики;

- да се потикнува развојот на самостојност кај учениците и социјализација;
- воспоставување, развивање и негување на пријателство;
- грижа за сопственото здравје;
- развивање на еколошката свест кај учениците;
- социјализација и стекнување на искуство за осамостојување;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење и здраво тело;
- да се развива другарство и колективниот дух кај учениците;
- да се развиваат хигиенски и културни навики кај учениците.

**Содржина на активности**

- колективни игри, фудбал,одбојка, кошарка, народна топка, играње ластик и игри со јаже
- заедничко доживување на околината, дружење;
- посета на културно-историските знаменитости;
- организирање на спортски натпревари и други рекреативни игри;

**Организација на патувањето**

**Место на поаѓање**: пред училиште

**Правец на патување**: на еднодневниот пролетен излет: Скопје-Сарај-Скопје

**Време на поаѓање**: 8:00 часот (учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот). Пристигнување на излетничкото место, разгледување на истото и запознавање со неговата историја, слободно време за одмор, игра и рекреација на учениците, фотографирање. Враќање во 13.00 часот .

**Одговорен наставник:** Драган Станојковски
**Одговорни наставници на еднодневниот излет:**
Сите одделенски раководители од I – IX одд.

**Техничка организација:**

Училиштето ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на екскурзија, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ќе ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Избраната ТА треба да поседува висококвалитетни, климатизирани и безбедни патнички автобуси, туристички водич. Училиштето треба да обезбеди придружба на лице од обезбедувањето на училиштето

**Начин на финансирање:**

- Самофинансирање од страна на родителите.
- уплата на жиро сметка на туристичката агенција

## Програма за дводневна училишна екскурзија

### ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

Се планира дводневна екскурзија за учениците од VI одделение на следната релација Скопје – Стоби – Струмица – Дојран – Негорци - Скопје

**Време на реализација: мај - јуни 2024 год.**

• **Место на реализација**: Дојран

• **Времетраење:** два дена со 1 ноќевање

• **Место за сместување** Хотел со 3 * во Дојран

**Активности по денови:**

**I ден**

- Поаѓање од Скопје кон Стоби во 8.00 часот
- Разгледување на локалитетот со локален водич
- Посета на градот Струмица
- Поаѓање кон Дојран со попатен одмор
- Пристигнување и сместување на учениците во хотелот
- Прошетка на учениците во околината до вечера.
- Слободни активности.

**II ден**

- После појадокот разгледување на Дојран и Дојранското Езеро
- После ручек, поаѓање кон Негорски Бањи
- Разгледување на Негорски Бањи и активности на учениците во паркот на бањата
- Поаѓање кон Скопје со попатни паузи
- Пристигнување во Скопје во 18.00 часот

**Одговорни наставници:**

- Ленче Зајковска
- Весна Миливоевиќ

**Воспитно-образовни цели на екскурзијата**

- Проширување на знаењата од предметите: географија, македонски јазик, ликовно образование, историја, биологија, природни науки;
- Запознавање со композитната долина на реката Вардар;
- Посета и истражување на историски објекти;

- Запознавање со културата, животот, работата, стопанството и начинот на живеење на населението од регионот Повардарие и дел од југоисточениот регион на РС Македонија

**Задачи на екскурзијата**

- Изучување на историските и географските објекти во регионот на посета
- Градење на чувство за патриотизам, толеранција и соживот со сите луѓе што живеат во Република Северна Македонија;
- Развивање на позитивен став на учениците кон: историските, националните, културните и естетските вредности;
- Поттикнување и манифестирње на меѓусебно почитување, другарување, одговорност и грижа за себе и другите.
- Запознавање на учениците со културно-историските локалитети и природните убавини на котлините, клисурите, бањите и градовите кои се посетуваат и продлабочување на нивните знаења за овие места;
- Учениците знаат за обележјата и историското минато на пределите кои ги посетиле, стекнуваат научни знаења и формираат критички ставови;
- Успешна социјализација на учениците, меѓусебно другарување, колективна заштита, одговорност и грижа за себе и за другите;
- Стекнување навика за посета на културни споменици и обележја во Република Северна Македонија, како и запознавање со природните ресурси и богатства во нашата држава;
- Учениците применуваат еколошки навики, меѓусебно се почитуваат, се однесуваат одговорно кон себе и кон другите

**Содржини и опис на активности**

- Запознавање на природата и екологијата
- Запознавање со културно – историските знаменитости
- Етнологија и културно наследство во Источниот дел на Р. Северна Македонија
- Запознавање со географските одлики, природните богатства стопанството и индустријата
- Проширување на знаењата за животинскиот и растителниот свет застапен во Република Северна Македонија

- Рекреација и дружење,
- Набљудување и дискусија
- фотографирање.

**Техничка организација :**

Училиштето ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на дводневната екскурзија, со објавување на јавен оглас во најмалку два весника. Постапката ќе ја спроведува Комисија составена од пет членови и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

За успешна реализација на планираната екскурзија ќе бидат ангажирани и други стручни лица од страна на туристичката агенција која ќе ја реализира планираната дводневна екскурзија, како што се:

- медицинско лице
- туристички водич

**Начин на финансирање**

- Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за екскурзијата преку уплаќање на жиро-сметка на агенцијата.

## Програма за тридневна екскурзија за IX одделение

**Место на изведување на екскурзијата:** Источна Македонија

**Време за реализација**: Мај - Јуни 2024 година

**Место на сместување на учениците:** хотел со 3* во Дојран

**Воспитно-образовни цели на екскурзијата:**

• да се запознаат со природно – географските, биолошко – еколошките и други особености во Источниот регион на нашата држава

• развивање интерес за природата и градење еколошки навики;

• да ги запознава и осознава основните законитости и поими за природата околу себе;

• да се запознае со културата, традицијата и начинот на живеење на населението во одделни краеви;

• да се запознае со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина и нивното влијание врз стопанството и животот на населението;

• да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во локалната заедница;

• да ги сознава и почитува културните и верските различности на населението во пошироката околина ;

• да гради чуство за патриотизам, толеранција и соживот;

• да ги развива способностите за непосредно набљудување и воочување

• подобро меѓусебно запознавање на учениците ;

• продлабочување на другарството и надминување на националните , верските, социјалните и другите разлики;

• да се елиминираат негативните навики, а да се негуваат позитивните навики за одржување на општа и лична хигиена;

**Одговорни наставници:** Класните раководители на IX одд.

Благица Димчева

Марија Варадинска

**Содржини и опис на активности**:

**Прв ден**

- Поаѓање од Скопје кон Кратово.Посета на Кратово и запознавање на учениците со старата градска архитектура, посета на градскиот музеј, мостовите на Кратовска Река, кулите и градските цркви. Посета на рударскиот град Пробиштип, разгледување на градот, плоштадот и Градскиот парк. Посета на Музејот за ретки минерали во склоп на Градскиот парк
- Поаѓање кон Дојран со попатен одмор. Пристигнување во Дојран, сместување на учениците и вечера.Забавна програма за учениците и ноќевање.

**Втор ден**

- Појадок и посета на градот Струмица и Колешинските водопади.
- Ручекот обезбеден со ланч-пакети.
- Пристигнување во Дојран во доцните попладневни часови.Вечера и забава во хотелот.

**Трет ден**

- Појадок и разгледување на градот Дојран и Дојранското Езеро.
- Ручек
- Поаѓање кон Стоби. Разгледување на археолошкиот локалитет со локалниот водич
- Поаѓање кон Скопје со попатен одмор за учениците

**Техничка организација:**

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците. Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внатрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

За успешна реализација на планираната екскурзија ќе бидат ангажирани и други стручни лица од страна на туристичката агенција која ќе ја реализира планираната дводневна екскурзија, како што се:

- медицинско лице
- туристички водич

**Начин на финансирање**

-Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за екскурзијата преку уплаќање на жиро сметка на избраната агенција/понудувач согласно чл. 22 од Правилникот.

## Програма за настава во природа за учениците од V одделение

**Содржина на Програмата за оваа настава во природа**:

**Место на изведување на екскурзијата:** Западна Македонија и Охрид

**Време за реализација**: Мај - Јуни 2024 година

**Место на сместување на учениците:** хотел со 3* во Охрид

**Воспитно-образовни цели на екскурзијата**

- да се запознаат со природно – географските, биолошко – еколошките и други особености во Западниот дела на нашата татковина
- запознавање со културно историските споменици кои се наѓаат на подрачјето на Охрид;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- да се запознае со културата, традицијата и начинот на живеење на населението во одделни краеви;
- да се запознае со основните природни и географски карактеристики во пошироката околина и нивното влијание врз стопанството и животот на населението;
- да развива чувство на почит кон историското наследство и традициите во локалната заедница;
- да ги сознава и почитува културните и верските различности на населението во пошироката околина ;
- да гради чуство за патриотизам, толеранција и соживот.

**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**

- Да се оспособува да пишува текст на зададени теми;
- Да се опишува детално доживеана појава (опис на Охридското Езеро), опис на просторот во кој се наоѓа (опис на одмаралиштето и неговата околина) забележување на деталите и опишување на виденото;

**МАТЕМАТИКА**

- Да ја разбира плоштината како величина која се мери,
- Споредува и изразува со број;
- Да ги препознава и коиристи единиците мерки: квадрате сантиметар, квадратен дециметар, квадратен метар;

**ОПШТЕСТВО**

- Да ги запознае најважните културно историски знаменитости
- Проширување за владеењето на Цар Самуил, ширењето на Охридската Архиепископија, словенската писменост, владеењето на Османлиите

**ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

- Да знае соодветно да ги користи подлогите, приборот и сликарските материјали;
- Да забележува различни тонови на боја во природата;
- Да покажува голема осетливост на детали;
- Да го воочува и користи комплеметарниот цонтраст на бои;

**МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ**

- Да го развива опсегот на гласот;
- Да свири на ДМИ
- Да развива навики за активно слушање на музика.

**ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ:**

- Да увежбува и совладува елементи од фудбалот, одбојка;
- Да ја сознае улогата на моториката поврзана со елементите со топка, слободно одење ид вижење со топка;
- Развивање на мускулатурата на телото; подвижноста и ориентација и координација во просторот.

**Одговорни наставници:** Актив на Vодделение.

Мери Ќурчиева
Ана Покупец Апостолски
Луиза Наневска

**Содржини и опис на Активности**:

**Прв ден**

- Поаѓање во 8 часот од училиште.
- Поаѓање за Тетово и посета на Шарената џамија, Вруток, пристигнување во Вруток,
- Посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“.
- Заминување за Струга, ,
- посета на природно научен музеј, мостот на поезијата, истекувањето на реката Дрим.
- Заминување за Охрид. Сместување во хотел,
- Вечера и ноќевање.

**Втор ден**

- Појадок.
- Разгледување на градот, посета на Лихнидос-стар Охрид, Плаошник, Самоиловата тврдина, Амфитератар и куќата на Робевци, прошетка низ чаршијата.
- Враќање во хотел. Ручек.
- Време за одмор и рекреација.
- Вечера и ноќевање.

**Трет ден**

- Појадок. Заминување за Наколната населба и посета на Св.Наум.
- Враќање во хотел.Ручек.
- Слободно време за одмор и рекреација.
- Вечера.
- Ноќевање.

**Четврти ден**

- Појадок.
- Заминување за Вевчани, посета на Вевчанските извори.
- Враќање во хотел. Ручек.
- Поаѓање за Скопје.
- Пристигнување во Скопје во 18.00 часот

**Распоред на часови и активности:**

| **Ден** | **Наставен предмет (активност)** | **Наставна тема (содржина)** | **Место на реализација** |
|---|---|---|---|
| **Прв ден** | - **Ликовно образование**- цртање на споменици на културата<br>- **Природни науки** (посета на природно-научниот музеј), истекувањето на реката Дрим. | - Перспектива и форма<br>- Шарената џамија – цртање со дрвени бои иили пател<br>- Посета на манастирот „Свети Јован Бигорски“;<br>- Животинскиот и растителниот свет во Охридското Езеро | - Автопатот Скопје-Гостивар; Регионалниот пат Маврово- Дебар- Струга;<br>- Тетово Шарената џамија манастирот Св.Јован Бигорски, природнонаучниот музеј Д-р Никола Незлобински; Истекот на реката Црн Дрим;<br>- Хотелски соби |
| **Втор ден** | - **Природни науки –** Набљудување на различните животни средини<br>- **Македонски јазик** - Рецитирање песна<br>- **Општество –** читање податоци од географска карта<br>- **Физичко обр.** - Игра<br>- **Ликовно -** Дизајн | - Воздухот како животна средина<br>- Рецитирање на песната „ Галеб “<br>- Стари градби и верски објекти (работа во нема карта)<br>- Тркалање топка во одредена цел<br>- Цртање на каменчиња | - Покрај Охридското Езеро (училница на отворено)<br>- Самоилова тврдина,<br>- Стари град,Антички театар, Плаошник,<br>- Св.Софија, Канео,охридска чаршија;<br>- На игралиштето пред самиот хотел |
| **Трет ден** | - Набљудување (интегрирано)<br>- **Македоснки јазик**<br>- ( Изучување на песна )<br>- **Музичко обр**. (Истражување )<br>- **Физичко обр.**<br>- (игра за раздвижување )<br>- **Математика** (комбинирани здачи) | - Културни споменици и археолошко наоѓалиште на праисториска населба<br>- „Заливот на коските“<br>- Интерпретација на песната „ Галеб “<br>- Обичаи од различни краишта, музичко народно творештво<br>- Додавање и примање на топка во парови од место и игра „Чудни фигури“ | - Попатно низ Охридското крајбрејже,<br>- Билјанините извори,<br>- „Заливот на коските“ и Св.Наум.<br>- На игралиштето во самиот хотел<br>- Хотел во Охрид |
| **Четврт ден** | **Македонски јазик**<br><br>**(**пишување на краток | - Најмалата општина и дејзиниот демократски живот. | - Вевчани и Вевчанските водопади<br>- Патот Струга -Охрид и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | есеј**).**<br>**Општество -** Запознавање со други општини**.** | - Пишување на есеј за местоположбатаи убавините на општина Вевчани и Вевчанските водопади; | разгледување на охридското крајбрежје |

**Техничка организација:**

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците.

Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

Еден ден пред реализација на патувањето превозникот е должен да достави доказ за вонредна техничка исправност за возилото и записник од извршен технички преглед на автобусот не постар од 6 месеци, како и лекарско уверение не постаро од 6 месеци и потврда дека возачот не возел 12 часа пред патувањето.

Директорот на училиштето најдоцна 48 часа пред патувањето писмено го известува органот за внетрешни работи и издава патен налог и на вработените за службено патување.

За успешна реализација на планираната екскурзија ќе бидат ангажирани и други стручни лица од страна на туристичката агенција која ќе ја реализира планираната настава во природа , како што се:

- медицинско лице
- туристички водич.

Објектите во кои се изведува наставата во природа задолжително треба да имаат најмалку една училница, опремена според „Нормативот за простор, опрема и наставни средства за девет годишно образование во Република Македонија”.

Активностите ќе се реализираат во природа и во училница/ци согласно со „Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишно образование во Република Македонија".

*За учениците коишто нема да посетуваат настава во природа, ќе се организира настава во училиштето.

**Начин на финансирање:**

Родителите ги подмируваат финансиските трошоци за екскурзијата преку уплаќање на жиро сметка на избраната агенција

Јули 2023

Директор

_________________________________

Соња Кирковска